**20111814061**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 54 став 1 точка 10 а и член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 27, 27-а и 27-б од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 15 декември 2011, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА НОВА ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И НАДОМЕСТ ЗА ПОВТОРНО АКТИВИРАЊЕ НА БЛОКИРАНА ЕЛЕКТРОНСКА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА**

Член 1

За издавање на нова електронска картичка за здравствено осигурување осигуреното лице плаќа надомест во висина од 500 денари.

Член 2

За повторно активирање на блокирана електронска здравствена картичка осигуреното лице плаќа надомест во висина од 250 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број 02 - 18660/21
15 декември 2011 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
**Јован Грповски,** с.р.